Во Одлуката за измена и дополнување на Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје)-пречистен текст објавена во Универзитетскиот гласник бр. 163 од 29.12.2010 година, поради тоа што називите на дипломите на англиски јазик се испишани со кирилско писмо, се дава

# ИСПРАВКА

**на Одлуката за измена и дополнување на Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје)-пречистен текст:**

| | |
|---|---|
| Правни студии | **Диплома: МАГИСТЕР ПО ПРАВО ОД ОБЛАСТА...**<br>**Master of Laws (LL.M)** |
| Политички студии | **Диплома: МАГИСТЕР НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ОД ОБЛАСТА...**<br>**Master of Arts in Political Science (MA)** |
| Студии по новинарство | **Диплома: МАГИСТЕР ПО МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИИ ОД ОБЛАСТА...**<br>**Master of Arts in Media and Communication (MA)** |

**Од Уредувачкиот одбор**

---

Врз основа на член 55, став 5, алинеја 2 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, Институтската управа на Институтот, на седницата одржана на 26.1.2011 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

**за организацијата и работата на Библиотеката на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: организацијата и работењето на Библиотеката на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, корисниците, условите и начинот на користење на библиотечниот материјал и други видови услуги, како и права и обврски на Библиотечниот одбор.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА

### Член 2

Библиотеката е специјализирана библиотека, и е посебна внатрешна организациона единица во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, како дел од ИНДОК, (во натамошниот текст: Институтот).

Библитеката располага со хартиен и дигитален библиотечен фонд.

### Член 3

Библиотеката ги овозможува следниве услуги:

- користење на расположливиот библиотечен материјал:
- го обезбедува бројот за меѓународна класификација на изданијата на Институтот (ИСБН и ИССН)
- меѓубиблиотечна размена.

### Член 4

Во текот на работната недела, во два попладневни термина, Библиотеката ќе работи само со студентите за да можат да ги задолжат нарачаните библиотечни единици, односно да ги раздолжат позајмените библиотечни единици. Деновите и термините ги одредува раководителот на ИНДОК, во договор со директорот на Институтот.

Вработените во Институтот задолжуваат, односно раздолжуваат библиотечни единици во три работни дена, од 10 до 12 часот. Деновите ги одредува раководителот на ИНДОК, во договор со директорот на Институтот.

### Член 5

Приемот на нови книги, сеедно дали од вработен во ИСППИ или од лице надвор од ИСППИ, библиотекарот го врши во Библиотеката. За секој прием се прави